Врз основа на член 82 став 9 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15 и 228/15) директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПОДВИЖНА АПТЕКА

## Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот за носителите на лиценца за подвижна аптека, согласно со бројот на населени места и оддалеченоста на населените места.

## Член 2

Висината на надоместокот од член 1 на овој правилник изнесува:

- до 40 населени места - 10.000,00 денари месечно,
- до 60 населени места – 12.000,00 денари месечно,
- до 80 населени места – 14.000,00 денари месечно,
- над 80 населени места – 16.000,00 денари месечно.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за лекови и медицински средства.

Бр. 02-315/1

15-01-2016 година

Директор,

Марија Дарковска-Серафимовска

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

мр. фарм. спец. Марија Дарковска-Серафимовска